# THE LATEST MILITARY CONFLICTS IN EASTERN MACEDONIA AT THE END OF THE FIRST WORLD WAR FROM A HISTORICAL POINT OF VIEW

**Oliver Cackov**
Institute of History and Archaeology, FES, Goce Delcev University
oliver.cackov@ugd.edu.mk

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History
and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology
history of art, ethnology,
other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology
FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher University,
Slovakia

## Abstract

The title of the paper suggests that it deals with the period of the end of World War I when the last battles in this region took place. It describes economic, political and other circumstances and their consequences. It shows that towns and villages were robbed in this region. It also reveals the tactics and combat activities of the Antanta on the positions held by the Bulgarian and German army. The Serbian Army's reports to the Supreme Command about the position and activities of their last military conflicts.

## Keywords:

Eastern Macedonia, First World War, Military conflict

## Theme/s:

Macedonian history, Military History, World War I

доц.д-р Оливер Цацков

# ПОСЛЕДНИТЕ ВОЕНИ КОНФЛИКТИ НА КРАЈОТ ОД ПРВАТАСВЕТСКА ВОЈНА ВО ИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА ГЛЕДАНО ОД ИСТОРИСКИ АСПЕКТ

Апстракт

Насловот на трудот укажува дека се работи за период од крајот на Првата светска војна во кој се одвивале последните воени дејствиа карактеристични за овој регион. Во темата се опишани и обработени економските,политичките состојби и нивните последици. Прикажани се грабежите на населението како и од градовите така и од селата од овој регион. Исто така дадена е и тактиката и борбените дејства на Антатнтата врз позициите што ги држела бугарската и германската војска. Даден се извештаите на српската армија до Врховната команда за положбата и активноста на нивните за послените воени конфликти.

.....

Првата светска војна, како најголем светски конфликт до тоа време, започнала и завршила на Балканот со решавачката битка кај Добро Поле.Оваа војна била една дотогаш најстрашните и најкрвавите во човечкото општество.Со победата на Антаната кон крајот на септември 1918 година Македонскиот фронт престанал да постои. Бугарските војски и нивните германски сојузници биле прогонети од Штип. Првите денови по војната животот во Штип и во штипскиот регион станал неподнослив.

Во поглед на материјалните последици, Првата светска војна, оставила трајни последици врз народот и понатамошниот негов живот. Покрај бројните човечки жртви, не биле помали и погубни и големите материјални штети кои долго време не можеле да се залечат.

Владеењето на бугарската администрација во Источниот регион траело три години (од 1915 до 1918) и се карактеризира главно со страшен глад и големи страдања на населението. Тој глад особено бил страшен во текот на зимата, пролетта и летото 1916 година од што биле забележани и смртни случаи. „...Видов со своите очи како умираат гладните. Се движев постојано помеѓу изгладнетото, истоштеното, населениепретворено во коска и кожа.....“ [1]

Во 1918 година, годината кога дошол крајот на бугарската окупација, истовремена била и најтешка година. Тогаш гладот го достигнал својот врв. Пролетта и летото се влошило и снабдувањето со храна и на бугарската армија. Дисциплината во војската почнала да попушта и војската не сакала повеќе да војува.Меѓу другите ужаси од војната биле и заразните болести: колерата,маларијата,шпанскиот грип. Санитетската служба не можела да се справи со оваа тешка ситуација. Резултатот бил огромен број на жртви како и кај војниците така и кај населението.

Сите слоеви на население од целиот регион биле крајно незадоволни од бугарската управа. Нашиот народ имал можност да ја види и почувствуа и „слободата“ од бугарската влас но подоцна и од српската власт.

Главната причина за гладот и тешката положба на населението во време на бугарскотовладеење од 1915 до 1918 година, била мобилизацијата, реквизицијата на работна сила и добиток, што директно влијаело на земјоделското производство и реквизицијата на прехрамбени и други артикли.

Населениот регионот се нашло под управа на една сиромашна држава која немала материјални средства да ја издржува својата армија, која исто така гладувала и страдала, бил изложен на невидена експлоатација.

За цело време додека траела војната, мобилизирајќи го најспособното за работа градско и селско население, земјоделското производство останало во рацете на жените,

[1] Милетич Лю.1993*Пътешествие из Македония, София.*

децата и старците. Овие луѓе требало да произведуваат храна за себе и за бугарската армија. Голем дел од занаетчиите, колари, ковачи, железари, кои биле неопходни за поправка на земјоделските алатки, биле мобилизирани, а многу работилници биле затворени и немало кој да им дава услуги на земјоделците. За да се задоволат потребите од жито, земјоделците биле присилувани да сеат само жито, додека индустриските билки кои со десетици години ги произведувале и од кои остварувале добри приходи, речиси исчезнале од полињата. Особено тешко на населението во овој крај била регрутацијата на сите способни мажи кој ги праќале на присилна работа и регрутација за потребите на фронтот. Во градот како последица на мобилизацијата занаетчиството било замрено, бидејќи жени во занаетчиските дуќани неможеле да работат.

Жителите на регионот всушност и не биле господари ниту на себе ниту на својот добиток. Одземањето на добитокот за исхрана на бугарската војска било независно од тоа дали земјоделецот ќе остане без вол или крава за орање, без овца за приплод, за волна и за млеко. Се гледало да бидат задоволени потребите на војската, а за населението воопшто не се мислело.

Освен работна рака и работен добиток под удар на реквизицијата спаѓал и целокупниот имот на населението. Се што било потребно за бугарската војска можело да биде реквирирано. На прво место на тој удар било житото.

По пробивот на Солунскиот фронт и по поразите на германските и бугарски војски од страна на сојузниците,разбиенитте бугарски војски во безредие започнале да се повлекуват кон Бугарија. Така, германските и бугарските трупи се побргу се повлекувале кон Градско- Велес- Штип и Кочани кон Горна Џумаја. Како и од Велес кон Скопје-Куманово -Качаник. Со нивното повлекување се овозможило навлегување на комбинираните војски на Антантата на територијата на Македонија. Повлекувајќи се кон Штип и Св.Николе дел од бугарските единици се обиделе да се спротиставата на силите на Антантата, особено на единиците на Втората српска армија која имала задача да настапува во тој правец.[2]

Пред заземањето на регионот од страна на Српските воени единици, претходно, се одвивале жестоки воени судириво неговото пошироко опкружувње со единиците на

[2] Велики рат Србије..1937. Г1919. књ.28.Београд.

германската и бугарската армија .Историјата заслужува тие да не бидат изоставени и заборавени. Ако редоследно ја согледуваме состојбата од теренот во кратки црти тоа би бил еден сликовите приказ на се она што се случувало на фронтот

Првата српска армија на 22 септември од планината Дрен воспоставила комуникација Прилеп- Градско. Во ширина од 50 км биле раздвоени 11 германска армија и 1 бугарска армија со тоа бугарскиот фронт на планините бил разбиен. Откако Втората српска армија на 21 септември 1918 година избила на реката Вардар и ја преминала железничката пруга Скопје-Гевгелија, Врховната команда ја вклучила и Коњичка дивизија во составот на Втората армија, со која командувал војводата Степа Степановиќ.

Тактиката која требало да се применува при гонењето на германските и бугарските единици се состоела во тоа да секоја единица имала јасна задача и прецизна цел за водењето на борбените дејствија.

По освојувањето на Градско од страна на Србите бугарската војска продолжила со повелкувањето од фронтовската линија. Дел до нив се упатиле кон патот Криволак-Штип (должина на патот е 24 км) и по стрмните делови на висината на Чашка и селото Кара Хоџали кое се наоѓало во подножјето. На една од трите еднакви височини на Чашка се спуштал патот кон север во стрмните завои за долината на реката Софилари за потоа патот по реката Брегалница кон Штип.

Од Командата на Втората Армија во 18 часот, со телеграма бр. 21109 од стиот ден, бил доставен извештај во кој се вели дека непријателот извршил 4 контра напади и сите биле одбиени, по што се повлекол кон караулата Шобе.Непријателот дал силен отпор на линијата Кара-Хоџали-Штип поради што овој правец бил освоен дури во доцните ноќни часови со што патот кон Штип целосно бил отворен.[3]

Во меѓувреме, борбените дејствија продолжиле и во наредниот ден. На 24 септември, Врховната команда на српската армија со телеграма бр. 29428 наредила Првата армија да продолжи со своето напредување кон Штип, внимавајќи на тоа со

[3]Архив војно историског института Београд (АВИИ) - Београд, Ф.Втора српска армија, к,23-25, наредби, извештаи и други дописи од и кон Втората армија за состојбите на теренот во Повардарјето и околината на Штип во септември 1918 година; исто и Ф.Операциски дневник на Српската коњичка дивизија..., к.24.

десното крило да дејствува во позадина. Истиот ден, било соопштено со телеграма бр. 29441 дека делови од српската армија веќе се наоѓале на повеќе места на планината Серта, а на правецот кон Штип биле заземени селата Топлик и Драгоево, продолжувајќи кон Штип кој се наоѓал на само десетина километри. На патот кон Штип се наоѓале преку 100 коли, кујни, топовска муниција, телефони и друг различен матерејал. По дополнителниот извештај од 19.05 часот, Коњичката дивизија избила со предните делови на половина пат помеѓу Крива Лакавица и Штип. Непријателот продолжил да дава отпор на десната страна на реката Брегалница.

На 25 септември, командантот на 2Коњичка бригада, со и. бр 4808 известил дека во 6 часот дополнителниот ескадрон го освои селото Кара-Хоџали,а офицерот за врска јавил дека 1баталјон на 22.полк го освоил Орлов-Баир.Командантот на 4 Коњички полк со известување бр. 4006 од истиот ден, доставил извештај во соопштил дека со полкот стигнал до Курд-тепе и веднаш тргнал кон Хаџи-Хамзали-Топлик-к.750. Три чети од 1полк на Југословенската бригада се упатиле кон Курд-тепе и во правец на Топлик со задача да ја прекине комуникацијата Криволак-Штип и да ги зароби деловите на непријателската војска која се повлекувала.

Во другизвештај испратен до Врховната команда на српскатаармија, за состојбите на просторот околу Криволак меѓу другото, било забележано дека на Криволак имало 3 полни колосеци со возила, од кои дел биле во пламен, западно од Кара-Хоџали биле забележани повеќе напуштени непријателски ровови и уништени големи количини на оружје и муниција. Во друг извештај било наведено дека е забележано собирање на голем број возила, запрежни коли, но и тешки орудија по долината на реката Брегалница и немало големи раздвижувања на непријателски единици".[4]

Многу е интересен извештајот на 2. коњичка бригада за состојбите на фронтот околу Штип и неговата поширока околина. Имено, командантот на 2.коњичка бригада испратил известување бр. 4817 во кое се вели дека:"...со артилериски оган бил запрен да ја премине реката Брегалница. Поради тоа бил упатен еден ескадрон преку Драгоево и Долани нак.650) да го пресече патот Штип- Радовиш.

[4]Архив војно историског института Београд (АВИИ) - Београд, ф. Први светски рат, Врховна команда Српске армије, к 78, гр 2, 1918 година (наредби од 22-30 септември 1918 година).

Бугарските колони, по загубата на Кара Хоџали се стационирале на јужниот врв на к.420 заедно со германските митралези од доброволците на фон Шилген.

Одбраната на бугарската пешадија била многу слаба пред се од недостатокот на храна и вода , намалувањето на војничките потенцијали.Поради тоа почнал да расте бројот на војници и цели одделенија кој го напуштале бојното поле и заминале во правец на Штип.

Полковникот Плацман ја испратил последната коњаница со која располагал кон загрозениот дел за да се одбрани од српската армија која настапувала. Подршка на војската им биле неколкуте митралези кои дале извесен отпор на српската војска. Положбата станувала се покритична и единствена надеж за успешно извлекување било навременото пристигнување на засилувањето од германсиката војска од Радовиш.

Во тоа време од зад грб биле нападнати со митралески оган од запад. Полковникот наредил на германската батерија со карабини заедно со планинска батерија да се распоредат на десната страна. За кратко време од запад бил отворен шрапнелски оган. Опасноста да бидат притиснати од лево и од десно растела од минута во минута без да имаат можност за одбрана. Затоа пол. Плацман со својот слаб одред решил да одстапи кон северниот врв на к.420. Останала единствено можноста колку е можно поскоро да се премине опасното место. Дел од одредот под силен митралески оган успеал да се извлече незабележан но со големи човечки загуби.

Оружјето останало на средината на патот. Обидот да го спасат оружјето пропаднало поради силниот оган на кој биле изложени. На тој начин со неколку коли успеале да го поминат патот и да се засолнат. Левата странична позадина се повлекла кон селото Софилари. Германските војници силно возвратиле на нападот и успеале да го одбијат нападот на српската коњаница, но ги истрелале и последните патрони муниција. Бугарските војници никаде ги немало. На германскиот началник не му преостанало ништо друго освен да даде наредба за општо повелкување преку Софилари кон Штип. Пол. Плацман успеал да го пробие обрачот во насока кон Штип. Коњаниците ја растовариле муницијата од своите коњи и се спасиле така што патот го поминале во галоп. Офицерите и останатата војска со карабините в раце тргнале по најкусиот пат што водел кон стрмнини, провалии, густа шума и стари лозја постојано стрелани од српските куршуми.

На патот за Штип чекале подготвени автомобили да ги прифатат војниците кои по најкусиот можен пат се упатувале кон нив. Обидот да се организира нова одбрана во делот кај Софилари со бугарските делови од армијата пропаднал.

Со последните хаубици јужно од Штип била нападната една српска батерија одкако била испукана и последната граната остатокот од војската се дал во бегство. Попладнето пристигнале делови од 12. германски доброволен полк за да ги пренесат камионите до месноста јужно од Штип и се обиделе да ги задржат позициите во Софилари. Поради тоа што биле обиколени од двете страни им преостанало да одстапат кон Штип под силен артилериски оган.

Другите делови на полкот од 13. резервна дружина со големи тешкотии пристигнала вечерта блузу до Штип, кога веќе било решено да се напушти градот. Поради тоа тие морале да продолжат со повлекувањето кон Кочани. Преку ноќта бугарите целосно го напуштиле Штип. Полковникот Плацман по последното воено дејство од силните тешкотии низ кој поминал и трагедијата што ја доживеал не успеал да преживее. војната.[5]

Сојузничката војска се задржала подолго време на оваа територија. Посебен настан што ќе предизвика голем интерес помеѓу штипјани е присуството на војници црнци во сојузничката војска. Оваа било посебно интересно затоа што штипјани тогаш за прв пат гледале црнци. Источна Македонија била преплавена со дезорганизирана бугарска војска која при повлекувањето направила голема штета врз населението. Во прилог на напредувањето на сојузничките сили им одело и тоа што бугарите не давале речиси никаков отпор. Таков пример бил Виница.

Првата српска единица во Штип влегла без отпор на 13 септември истиот ден го продолжила напредувањето кон Долни Балван и Кочани. Во с.Зрновци заробила 500 бугарски војници кои се повлекле преку Плачковица. На 16/29 септември српската војска влегла во Царево Село ,каде ја затекла капитулацијата на Бугарија. Со тоа завршила и бугарската окупација источниот регион

Оваа војна и покрај тоа што нанела големи срадања на штипското население и населението од регионот не го решила проблемот за кој започнала. Покрај огромните

[5]Милисав Секулић,2008,*Војно санитетски преглед*, 65, Београд.

жртви што ги дал македонскиот народ, со формирањето на новосоздадената држава, Кралството на СХС, Македонија и понатаму си останала Јужна Србија.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914, ИНИ, Скопје, 1979.

2. Велики рат Србије за ослобођење и уједињење Срба, Хрвата и Словенаца, књига 11, Београд, 1926-1929.

3. Велики рат Србије за ослобођење и уједињење Срба, Хрвата и Словенаца, књига 28, Београд, 1926-1929.

4. Велики рат Србије за ослобођење и уједињење Срба, Хрвата и Словенаца, књига 29, Београд, 1926-1929

5. Politička enciklopedija,1975 Beograd.

6, Vojna enciklopedija, knj.1-9, Beograd, 1970-76.

7. Vojni leksikon, Vojnoizdavački zavod, Beograd, 1981.

8. Д`Епре (1939) Съглашенските армии на изток, од 18 юний до 30 септември 1918 год. Военно-исторически сборник, кн.39.

9. Азманов Д.,1998 Пробивът на Добро Поле през септември 1918 година,Военно-исторически сборник, кн.4.

10. Милетич Любомир,1990*Пътешествие* ..

11.Велики рат Србије..1937. Г1919. књ.28.Београд.

12. Милисав Секулић,2008, *Војно санитетски преглед*, 65, Београд.